Врз основа на член 28 став (4) од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19), министерот за образование и наука донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за формата и содржината на личниот план за професионален развој на наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта

Член 1

Со овој правилник се уредува формата и содржината на личниот план за професионален развој на наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта (во натамошниот текст: личниот план).

Член 2

Личниот план се води на образец даден во Прилог 1 и составен дел на овој правилник.

Образецот од став 1 на овој член е составен од три дела: Планирање на професионален развој, Реализација на професионален развој и Согледувања и препорака за реализацијата на личниот план.

Член 3

Делот Планирање на професионалниот развој, наставникот односно стручниот соработник го пополнува секоја учебна година и го доставува најдоцна до 10 септември за тековната учебна година до тимот за професионален развој во училиштето, во хартиена или електронска форма.

Делот Реализација на професионален развој, наставникот односно стручниот соработник го пополнува секоја учебна година и го доставува најдоцна до 30 јуни за тековната учебна година до тимот за професионален развој во училиштето, во хартиена или електронска форма.

Член 4

Делот Планирање на професионалниот развој се состои од седум графи.

Во графата општи податоци се внесува: назив на училиштето, место и општина, име и презиме на наставникот, односно стручниот соработник; наставен предмет/ предмети/профил на стручен соработник; учебна година и дата на предавање на личниот план.

Во графата компетенции се запишуваат најмногу до три компетенции што наставникот односно стручниот соработник планира да ги стекне/подобри во тековната учебна година.

Во графата активности се опишуваат видовите на активности кои ќе ги преземе наставникот односно стручниот соработник за стекнување/подобрување на наведените компетенции.

Во графата ресурси се наведуваат потребните ресурси за стекнување/подобрување на компетенцијата (лица, институции, материјални, финансиски средства и други).

Во графата време на реализација се наведува периодот во кој се планира реализирање на активностите за стекнување/подобрување на наведените компетенции.

Во графата очекувани резултати се запишуваат очекуваните резултати по реализација на предвидените активности за професионалниот развој.

Во графата забелешка се наведуваат информации што можат да влијаат на реализацијата на планот.

Член 5

Делот Реализација на професионален развој се состои од седум графи и тоа: време на реализација, примена од наученото, влијание кај учениците, докази, причини за нереализација, предлог за активности и забелешки.

Член 6

Делот Согледувања и препорака за реализацијата на личниот план се состои од три графи и тоа: Целосно реализиран, Делумно реализиран и Нереализиран, а го пополнува Тимот за професионален развој и го доставува до директорот на училиштето.

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување, а ќе отпочне да се применува од учебната 2020/21 година.

Министер за образование и наука,
Arbër Ademi с.р

Бр.18-4000/1
18.03. 2020 година

Прилог 1

ЛИЧЕН ПЛАН ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИТЕ И СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ
ВО ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

| **Дел 1:** ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ | | | |
|---|---|---|---|
| Училиште | | Место и општина | |
| Наставник/Стручен соработник | | Одделенска настава/наставен предмет/Профил на стручен соработник | |
| Учебна година | | Дата на изработка | |

| Ред. Бр. | Компетенции | Активности | Ресурси | Време на реализација | Очекувани резултати | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | | | |
| 2. | | | | | | |
| 3. | | | | | | |

Одобрил: Директор на училиштето

Потпис на наставникот_____________________

______________________________

| **Дел 2:** РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ЛИЧНИОТ ПЛАН ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ | | | |
|---|---|---|---|
| | КОМПЕТЕНЦИЈА | КОМПЕТЕНЦИЈА | КОМПЕТЕНЦИЈА |
| ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | | | |
| ПРИМЕНА ОД НАУЧЕНОТО | | | |
| ВЛИЈАНИЕ КАЈ УЧЕНИЦИТЕ | | | |
| ДОКАЗИ | | | |
| ПРИЧИНИ ЗА НЕРЕАЛИЗАЦИЈА | | | |
| ПРЕДЛОГ ЗА АКТИВНОСТИ ЗА СЛЕДНАТА УЧЕБНА ГОДИНА | | | |
| ЗАБЕЛЕШКИ | | | |

| **Дел 3:** СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ЛИЧНИОТ ПЛАН | | | |
|---|---|---|---|
| **ОБЕЛЕЖИ (√)** | | **ОБРАЗЛОЖИ** | |
| **Целосно реализиран** | | Нов циклус на професионален развој | |
| **Делумно реализиран** | | Причини за нереализирање: | |
| **Нереализиран** | | Поддржан професионален развој: | |

Датум: ________________

Наставник/ Стручен соработник: _____________________________________________

Претседател на Тимот за професионален развој: ________________________________